316.728:316.34
316.728:316.2

# КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈАТА НА ЖИВОТНИОТ СТИЛ ВО СОЦИОЛОШКАТА ТЕОРИЈА

**Кире Шарламанов***
**Јана Петреска****

*Айсшракш:* Во анализата на социјалната стратификација, релевантните современи социолози многу поголемо внимание посветуваат на животниот стил, отколку на традиционалните концепти на општествените класи и општествените слоеви. Тоа е одраз на динамиката на современото општество кое развива многу покомплексни стратификациски шеми кои се анализираат со нов категоријален апарат во кој влегува и животниот стил. Овој текст има за цел да го претстави концептуализирањето на животниот стил во теоријата на двајца класични автори во социологијата како Веблен и Вебер и тројца современи социолози како Пјер Бурдие, Улрих Бек и Ентони Гиденс. Преку анализа на концептите на овие автори ќе ја согледаме еволуцијата, карактеристиките и значењето на животниот стил во различни општествено-историски контексти.

*Клучни зборови: живошен сшил, сшрашификација, класа, сшашус, индивидуализација, йолишика на живошни сшилови.*

## 1. Вовед

Терминот животен стил во општествените науки почна да се употребува во 1930-тите, но еден временски период тој беше во сенка на термини и концепти кои се употребуваа во ист контекст, но кои во тој временски период се сметаа за многу позначајни. Такви термини беа општествената класа и општествената стратификација. Терминот животен стил, значително повеќе почна да се употребува и истражува во 1960-тите години (Jensen 2007:1). Sorel (1981: 1) нè известува дека во 1980-тите, терминот „животен стил“ е еден од најчесто употребуваните термини во англискиот јазик и е поврзан со сè што е во тренд од зен будизам до француско кулинарство. Тој термин се употребуваше во општествените науки, во новинарството, од лаиците и секој го поврзуваше со работи од неговата потесна специјалност. Така терминот „животен стил“ почна да вклучува сè повеќе работи, а да има сè помалку јасно значење.

* sharlamanovk@gmail.com
** jana_petreska@yahoo.com

Латинскиот термин „modus vivendi“ значи начин на живот во смисла на вредности и поведение. Животниот стил е поврзан со активностите кои поединците ги имаат, со начинот на кој преку активностите стекнуваат одредени вредности, начинот на кој ја стекнуваат и изразуваат својата индивидуалност, начинот на интеракција со одделни општествени групи, начинот на кој го живеат својот живот и го користат правото на слобода на изборот. Активностите, хобијата, мненијата кои еден поединец ги има се одразуваат на образецот на неговото поведение, односно на стилот на кој тој поединец живее (Crompton 1998). Животниот стил е образец на живот изразен преку активностите, интересите и мненијата. Животниот стил е одраз на тоа како луѓето се самоактуализираат, остваруваат, изразуваат, веруваат и борат за своите интереси (Kotler 2000). Тој подразбира ставови за политиката, религијата, здравјето итн. Во историјата на уметноста, при дефиницијата на животниот стил вметнуваат нови критериуми како дистинктивноста и препознатливоста. Така според Сорел (1981: 3), во историјата на уметност, животниот стил се дефинира како дистинктивен и препознатлив начин на живеење. Во речникот по социологија, Стевенсон (2006:339) го дефинира животниот стил како дистинктивен образец на дејствување и култура која ги одделува луѓето. Животниот стил се реферира на низа варијабли како што се начинот на прехрана (како и што јадеме), домувањето (каде живееме), како и со што се движиме (со велосипед, со автомобил, со јавен превоз, пеш), каде патуваме, што облекуваме и во какви прилики, здравствените навики и верувања, прифаќањето на ризици итн. Меѓу здравствените навики и верувања спаѓаат пушењето (дали некој пуши, колку и какви цигари), пиењето (колку пиеме и какви пијалаци), прехранбените навики (колку и што јадеме) итн. (Hakkin 2000: 1640)

Додека класата е поврзана со професијата, образованието, квалификациите, приходите, богатството, сопственоста, некои автори според Веал (2001) се обидуваат животниот стил да го поврзат со супкултурите како на пример сурферите, младинските супкултурни групи итн. Сепак, според Стевенсон (2006: 339) многу социолози преферираат да го употребуваат терминот животен стил бидејќи, за разлика од супкултурата, тој не имплицира разлика од доминантната култура, туку нејзино разгранување. Всушност, животниот стил се користи за да се посочат разликите на ниво на дејствување кои постојат во една култура. Иако, општественото значење на класата, како релевантна тема во општествените науки во најразвиените земји е опадната, Улрих Бек, на пример, констатира дека во општествените науки во 1990-тите се правеа многу помалку истражувања за општествените класи, отколку порано (Beck, Beck-Gernsheim 2002: 30), историски гледано опциите помеѓу кои поединците можеа да го градат својот животен стил, зависеа од нивното

место во стратификацискиот систем. Со општествено-историскиот развој, растот на животниот стандард на граѓаните и еманципацијата на поголем број од населението, животниот стил почнува да се одделува од општествената класа т.е. од местото на поединците во стратификацискиот систем и сè повеќе да зависи од други фактори како географската локација на поединецот, дали живее во село или град, од големината и карактеристиките на градот, личните преференции и вкусови на поединците итн.

Јенсен (2007:64) сугерира дека животниот стил во социологијата треба да биде концептуализиран плуралистички. Според него не постои еден, туку мноштво различни животни стилови. Еден човек, во различни фази од својот живот и во различни општествени контексти, може да се изрази преку различни животни стилови. Како и кај останатите клучни термини во општествените науки, така и за животниот стил постојат мноштво дефиниции. Така една група на автори смета дека животниот стил е начин на живот. Втора група истражувачи го поврзува животниот стил со здравствените фактори како употребата на алкохол, лекарства, цигари итн. Трета група автори, пак смета дека животниот стил е поврзан со квантитетот и начинот на консумација.

## 2. Вебленовото разбирање на слободната класа, социјалниот статус и животниот стил

Во својата теорија за слободната класа, Торстен Веблен укажува дека постои поврзаност помеѓу општествената класа, општествениот статус и животниот стил. Основна мотивација која го движи општественото дејствување според Веблен е желбата на поединците да бидат почитувани, односно да имаат колку што е можно повисок општествен статус. Вообичаено во општествените науки, статусот на поединците се поврзува се бенефитот кој тие може да го продуцираат за голем број на индивидуи или за општеството во целина. Меѓутоа Веблен, укажува дека статусот е повеќе поврзан со симболичките, отколку со продуктивните активности на поединците. Вообичаено е прифатено дека функционалноста е поважна од формата, но историски може да се најдат многу форми кои не продуцирале комфор, туку биле правени за да укажуваат на статусот на одредени поединци во општеството. Постојат мноштво артефакти кои повеќе имале симболичка, отколку функционална вредност, како и денес. Пример правењето на огромни катедрали во градови каде што стандардот на живот е многу низок. Прашањето како ќе изгледа катедралата не е само прашање на функционалност или комфор, туку на социјален статус (Fine 1994: 161).

Самото производство на добра и услуги според Веблен, нема за цел само да ги задоволи потребите на граѓаните, туку и да генерира профит за сопствениците на средствата за производство. Системот на индустриско производство од работниците бара да бидат вредни, ефикасни и кооперативни, а сопствениците на средствата за производство се преокупирани со правење профит и богатство и јавно покажување на истото. Веблен класата која се занимава со прашањето како да го зголеми своето богатство ја нарекува слободна класа. Оваа класа се карактеризира со прекумерна консумација и очигледна слобода. Формите на манифестација на слободата според Веблен постојат од времето на варварството сѐ до денес.

Веблен ги критикуваше класичните економски теории од 19-тиот век. Тие поединците ги опсервираат како рационални агенти кои преку економските активности бараат максимизација на задоволството. Според Веблен поединците се ирационални економски агенти, кои многу повеќе се преокупирани со својот социјален статус и со престижот во општеството (класата и економскиот стратум во рамките на својата класа), отколку со својата среќа. Според Веблен, настанувањето на сопственоста како општествена институција, не е толку поврзана со обезбедувањето на егзистенцијалниот минимум, колку со желбата да се направи разлика од другите, преку поседување богатство, кое другите членови на општеството не може да го имаат (Veblen 1954:14). Во таа смисла, Веблен се доближува до Фридрих Ниче и неговата волја за моќ. Волјата за моќ, како и волјата за стекнување сопственост, во крајна линија се сведуваат на желбата не само да се биде почитуван, туку да се биде повеќе почитуван од другите, односно да се има колку што е можно повисок социјален статус.

Според Веблен, местото на поединците во стратификацискиот систем не се заснова на заслугите кои тие ги имаат за добробитта на општеството или на одредена институција. Овде Веблен, ја превртува од глава на пети, класичната либерална, но и социолошка (Диркемова) теорија за поделба на трудот. Според Веблен, припадноста на одредени класи и статуси не се извлекува од местото на поединците во поделбата на трудот, туку обратно поделбата на трудот се врши така што ќе одговара на интересите на поединците кои поседуваат одреден општествен статус. Пример поделбата на трудот по полова основа (Veblen 1954:7). Повисокиот социјален статус на мажите не е производ на поделбата на трудот, туку напротив, мажите како физички посилна и економски подоминантна група го наметнуваат својот интерес, спроведувајќи ја така поделбата на трудот по полова основа. Историски гледано, луѓето со повисок општествен статус се занимаваат со професии кои бараат помалку работа, им оставаат повеќе слободно време, се поплатени, кои се попочитувани и не мора

да се попродуктивни за целото општество. Така на пример во првобитните општества поединците со повисок статус се занимаваа со лов и воени работи, додека поединците со понизок статус се занимаваа со земјоделство и занаетчиство кои се попродуктивни професии.

Од времето на варварството па до денес, завојувањата, доминацијата и експлоатацијата се еден од критериумите на кој се стекнува општествениот статус, а преку поделбата на трудот тој само се легитимира т.е. за него се наоѓа општествено прифатливо објаснување. Професиите на оние кои доминираат во општеството и кои ги експлоатираат останатите се сметаат за вредни и почитувани. Според Веблен (1954: 3) такви професии уште од варварството, па сè до денес се оние поврзани со државната управа, воените работи, религиозните работи (како што Веблен ги нарекува одбраната од природни и натприродни сили) и спортот.

За да се здобијат и да одржат повисок статус во рамките на општествената класа на која припаѓаат, поединците кои имаат понизок општествен статус, ги имитираат оние кои имаат повисок општествен статус. Оние пак кои имаат висок општествен статус, се обидуваат да го задржат истиот преку консумирање стоки и услуги од скапи брендови, за кои се верува дека имаат повисок квалитет. Во обидот да постигнат повисок општествен статус, поединците честопати посегнуваат по тоа да користат скапи брендирани производи и услуги кои тешко може да си ги дозволат, иако постојат мноштво производи и услуги по пониски цени за кои се смета дека се наменети за поединци со понизок општествен статус. Затоа на пример Торстен Веблен, во рамките на својот концепт на емулација, сметаше дека поединците усвојуваат „шеми на живот", како и на потрошувачка водени од желбата да направат дистинкција со социјалната страна на која припаѓаат како инфериорна и да бидат перципирани како поединци кои се дел од супериорната социјална страна.

## 3. Веберовото разбирање на односот помеѓу статусот и животниот стил

За разлика од класите кои се повеќе статистички категории, статусите според Вебер, имаат поголема можност да бидат основа за оформување реални заедници. Помеѓу општествената класа и статусот постои јасна дистинкција, но во генералната јавност, како и во стручните кругови често пати општествената класа и социјалниот статус се земаат како синоними еден за друг. Така честопати кога се зборува за класни разлики се мисли на статусни разлики, кога се зборува за класни бариери се мисли на статусни бариери, кога се

зборува за класна свест се мисли на статусна свест итн. (Chan, Goldtgorpe 2007: 515). Статусите се засноваат на очекувањето да се покаже почит, било поради одредени квалитети кои поединците кои припаѓаат на одредена статусна група ги имаат или поради класата на која припаѓаат (Gerth and Mills 1958: 186). Во таа смисла Чан, Голдгорп (2007: 513) укажуваат дека статусите се симболички аспекти на класната структура кои не можат да се сведат само на економските релации во едно општество.

Статусот е поврзан со честа, а таа се однесува на разликувањето, почитта и очекувањето кои другите го имаат за одреден поединец или група. Покажувањето на чест кон некого може да биде формален процес преку доделување и користење титули кои одредена личност ги поседува во меѓусебната комуникација. Во меѓусебната комуникација се покажува почитување или непочитување кон одреден поединец преку начинот на кој го поздравуваме, неговото вклучување или невклучување во формални или неформални групи, начинот на кој ги градиме односите на пријателство итн. Почитувањето се одразува во социјалните релации, како и на начинот на кој ја воспоставуваме интеракцијата со другите.

Почитта е по природа општествена т.е. квалитет на општествените релации, а не автоматски одраз на позицијата која одреден поединец ја има во економската сфера. Таа е врзана со квалитети кои може да бидат вреднувани позитивно или негативно. Луѓето со ист општествен статус може да формираат заедници со непишани норми на поведение. За разлика од класата која се потпира на начинот на производството, статусите се формираат врз основа на нивото на почит кое поединците го имаат во општеството, а животните стилови се формираат врз основа на начинот на потрошувачка т.е. консумација (Weber 1966: 27).

Поради тоа што квантумот на честа која на поединците им се прави е поврзана со членство во одредена статусна група, а статусните групи бараат од своите членови специфичен животен стил, би можело да се каже дека животниот стил е дескриптивна манифестација на членството во статусната група. Оттука, не е за изненадување што влијателните статусни групи воспоставуваат формални и неформални монополи на елементите кои чинат специфични животни стилови. Сорел (1981: 7) е на мислење дека животниот стил во теоријата на Макс Вебер, не е толку значаен како теоретски концепт, колку како средство со кое се прави дистинкција помеѓу класата и статусот.

Статусната група може да се формира врз основа на која било општествена карактеристика која е препознаена од другите и која е предмет

на општествена почит. Пример таква карактеристика може да биде етничката или верската припадност, припадноста на одреден пол машки или женски итн. Постојат мноштво статусни групи, но најзначајните се одраз на кристализацијата на општествената моќ и влијаат на животните шанси на поединците. Групите кои се засноваат на различните музички вкусови не се вистински статусни групи во Веберијанска смисла на зборот. Тие се значајни за општествената почит на нивните членови, но не може да ја претставуваат кристализацијата на општествена моќ и да влијаат пресудно на животните шанси на своите членови.

Според Weber, сопственоста е значајна основа за формирање статусна група, особено во земји со изразена пазарна економија. Оние кои имаат значителен квантум на сопственост или богатство ги имаат неопходните претпоставки да формираат дистинктивен животен стил, кој останатите не може да го следат. Покрај сопственоста, основа за стекнување статус може да биде и начинот и времето во кое истата е стекната. Во таа смисла може да постои разлика во статусот меѓу оние кои поседуваат голем квантум на сопственост и богатство долг временски период и оние кои истото го стекнале неодамна.

Животниот стил се заснова на разликата во потрошувачката која е карактеристична за одделните статусни групи. Преку потрошувачката се покажува припадноста на одредена статусна група. Макс Вебер, го анализираше животниот стил како дистинктивен елемент на статусните групи. Животниот стил е тесно поврзан со препознатливоста и со престижот. Животниот стил е највидливата манифестација на социјалните разлики, кои постојат дури и во рамките на истата општествена класа. Тој е одраз на престижот кој поединците веруваат дека го имаат или кон кој аспирираат (Sorel 1981: 8).

Статусните групи може да ги преминуваат класните линии. Ова особено важи за етничките групи, каде што почеста се заснова на заеднички предци, историја, митови итн. Почеста која им се укажува на луѓето со одредена етничка припадност може да води кон отворање подобри работни места за нив, можности за напредување, привилегии итн. Затоа статусите влијаат на животните шанси на поединците.

Според Веал (2001), Макс Вебер, сметаше дека одделните статусни групи се поврзани со оформување и одржување специфични животни стилови. Животниот стил кој го оформуваат одделни социјални статуси служи како симбол на распознавање и диференцијација од останатите социјално статусни групи во општеството. Така животните стилови може да бидат засновани на членството во одредена религиозна група, начинот на облекување, начинот на прехрана итн. Статусните групи се поврзани со рестрикции во интеракцијата

со оние кои не припаѓаат на истата статусна група и истовремено охрабруваат поблиски релации меѓу луѓето кои припаѓаат на иста статусна заедница.

Би можело да се каже дека статусот е најзначајниот елемент во стратификацијата на феудалните општества. Од француската револуција до денес, статусот постојано го губи своето место во стратификацијата на општеството. Кохезивната моќ на статусните групи слабее, а со тоа и нивните шанси да ги определуваат начините на поведение и животните стилови на своите припадници. Така на пример, Чан, Голдтгорп (2007: 515) забележуваат дека постојат причини да се верува дека во современото општество статусот го губи значењето во определувањето на позицијата на поединците во стратификацискиот систем. Имено, во емпириско истражување кое го прават овие автори, тие наоѓаат дека социјалниот статус има ниска корелација со образованието и доходите. Исто така, тие наоѓаат дека најмногу статуси има кај средната класа односно малите работодавачи и самовработените. Би можело да се каже дека оваа класа е статусно хетерогена. Многу помалку статуси постојат кај високата и работничката класа. Иако во современото општество социјалниот статус го има загубено значењето кое некогаш го имаше, тој е сè уште релевантен фактор на социјалната стратификација, а особено на определувањето на животниот стил.

## 4. Општествените класи и животниот стил (Пјер Бурдие)

Како што забележува Кросли (2008:87), Пјер Бурдие е еден од ретките социолози од неговата генерација, кој успеа во својата теорија да го задржи балансот меѓу анализата на културата генерално и пред сè на животниот стил од една страна и анализата на општествените класи од друга страна. Самиот Бурдие, не направи класификација на општествената класа и не се многу местата каде што тој експлицитно пишува за истата. Може да се каже дека, неговиот концепт за хабитусот е врската помеѓу општествената класа, статусот и животниот стил (Ambrasat et.al. 2016:3).

Според Пјер Бурдие, животните стилови главно се одраз на социјалните практики кои се поврзани со вкусовите на поединците. Како што забележува Стивенсон (2006: 339), Пјер Бурдие, посочува дека општеството е засновано на општествени класи. Според Burdieu сите поединци во едно општество имаат објективна позиција во општествениот простор, односно свое портфолио на економски и културен капитал. Концептот на културен капитал кој го развива Бурдие прави дистинкција од материјалистичкото, марксистичко сфаќање на

општествената класа. Според Бурдие, општествената моќ и доминација не се поврзани само со поседувањето на материјалните, туку и со поседувањето на културните и општествените ресурси (Croosley 2008:88).

Причината за разликата во класната теорија на Маркс и онаа на Бурдие, може да се бара во општествено-историскиот контекст. Имено, Маркс ја разви својата теорија во 19-тиот век, опсервирајќи ја првата фаза од развојот на индустрискиот капитализам. Во тој момент се создаваат и растат две нови општествени класи: буржоазијата и пролетаријатот. Двете нови класи се тесно поврзани со средствата за производството. Практично односот кон средствата за производство ја прави разликата, но и конфликтот меѓу овие две општествени класи. Тие разлики кои прераснуваат во конфликт доминираа со општествениот живот во долг временски период. Бурдие ја развива својата теорија во втората половина на 20-тиот век, кога оваа дихотомна структура на општеството не постои. Се појавува разграничување на управувањето и сопственоста врз средствата за производство, раст на вработеноста во јавниот сектор, појавата на високоплатени професии. Во овој период се појави експанзијата на образованието и значењето на квалификациите и со него значењето на културниот капитал. Општествената стратификација стана многу покомплексна отколку во 19-тиот век. Според Бурдие секој поединец има портфолио на сопствен капитал кој може да биде материјален и културен. Тој дури прави математички пресметки по две оски: материјален капитал (вертикална оска) и културен капитал (хоризонтална оска) и на тој начин прави мапирање на поединците во стратификациските систем. Мапирањето помага да се лоцира припадноста на поединците на одредени општествени класи (Croosley 2008:88). Но таквите класи како што забележува Бурдие, се само теоретски класи или класи на хартија. Индивидуите кои имаат слична позиција во социјалниот простор не мора нужно да се идентификуваат со класата на која припаѓаат и да преземаат колективни акции, како што прават вистинските општествени класи. Овој дел од анализата на класите кај Бурдие, не се разликува многу од Марсковата дихотомија на „класи за себе“ каде што членовите се идентификуваат со класата и „класи по себе“ каде кај поединците не постои класна свест (Croosley 2008:88).

Иако најчесто не формираат вистинска класа, поединците кои имаат иста општествена позиција, живеат под слични животни услови. Многу е поголема веројатноста да се сретнат, да развијат интеракција и воспостават релации луѓето кои имаат сличен обем и структура на капитал, од оние со кои драстично се разликуваат по тоа прашање. Тие може да си дозволат да си обезбедат ист тип на домување, да ги пратат децата во исти школи, да развијат ист хабитус

и животен стил. Хабитусот се оформува во интеракцијата меѓу поединците кои припаѓаат на иста социјална мрежа. Разликите во хабитусот меѓу луѓето кои припаѓаат на различни социјални категории како на пример на мануелни работници или белите јаки, почнуваат во моментот кога тие се дистанцираат од задоволувањето на основните биолошки потреби за прехрана и сместување. Животниот стил на мануелните работици има мал степен на слобода и се сведува на функционално прилагодување за обезбедување на егзистенцијата. Оние кои немаат проблеми со обезбедување на егзистенцијалниот минимум почнуваат да развиваат различни животни стилови.

Животниот стил како концепт се користи за да разграничи одредени општествени групи од други, како и да обезбеди услови за внатрегрупна солидарност. Некои животни стилови успеваат да обезбедат поголема општествена легитимност од други. Во таа смисла животниот стил е тесно поврзан со нееднаквата дистрибуција на симболички ресурси и моќ во општеството. Животниот стил се потпира на одредени културолошки маркери и разграничувањето врз основа на вкусот. Сепак, културните кодови кои служат за легитимација на одделни животни стилови не се фиксни. Тие се предмет на спорења и културни промени (Stevenson 2006: 339).

Во текот на социјализацијата поединците инкорпорираат одредени обрасци на поведение и начини на размислување кои се одраз на нивното класно потекло. На тој начин умот и телото се обликуваат од социјалниот контекст во кој поединците живеат. Така материјалните и нематеријалните услови на живот се инкорпорираат во општествената пракса. Оттука животниот стил е рутинизирана пракса, односно рутина инкорпорирана во навиките на облекување, хранење, дејствување итн. Но, исто така хабитусот има и инхерентна логика на праксата, која се применува во различни општествени ситуации. Оттука, хабитусот, од една страна е одраз на општественото искуство што е карактеристика на општествената класа (позицијата која поединецот ја има во општеството), а од друга страна тој продуцира слични обрасци на поведение на поединците кои имаат иста социјална позиција (Ambarat et.al. 2016:4).

## 5. Општествената класа, индивидуализацијата и животниот стил (Улрих Бек)

Според Улрих Бек, ние живееме во општество на ризици, во втората модерност т.е. во рефлексивна реалност. Таа се карактеризира со неколку работи: 1. Пад на општествените класи, 2. Индивидуализација и рефлексивност

на персоналните идентитети и 3. Глобални ризици кои ги надминуваат можностите на националните држави за нивна контрола (Svarplys, Morkevicius 2013: 27).

Според Улрих Бек, општествената класа е најзначајната општествена институција на модерното општество. Во индустриското општество, општествениот систем беше јасно дефиниран. Основата на општеството беше семејството. Семејствата припаѓаа на одредена класа, ниска, висока, средна. Поделбата на работата во рамките на семејството беше заснована врз основа на пол. Мажите градеа професионални кариери, а жените се занимаваа со семејните работи. Индустриското општество беше засновано на културата на разлики по класна и полова основа. Националната држава го воспоставуваше општествениот ред (Svarplys, Morkevicius 2013: 27). Правилата на игра беа јасни и доколку се почитуваа, тие гарантираа градење успешна стандардизирана биографија соодветна за општествените карактеристики на поединците (Woodman, Threadgold, Possamai – Inesedy 2015:1121).

Такво хиерархиски уредено општество, според Улрих Бек, повеќе не постои. Од 1980-тите години политичките нееднаквости исчезнуваат од политичкиот, академскиот и дискурсот на секојдневниот живот. Иако социјалните разлики сѐ уште остануваат значајни, условите за живот од тој период значително се подобруваат и тоа според Улрих Бек, придонесе за менување на општествената структура. Имено, Улрих Бек, констатира дека во современото општество, општествените нееднаквости остануваа големи како и претходно, но тие повеќе не се поврзуваат со општествената класа (Beck, Beck-Gernsheim 2002: 30). Во современото општество, општествената класа, го нема истото значење за социјалната стратификација, како во времето на индустриското општество. Како резултат на подобрувањето на стандардот на живот, супкултурните класни идентитети исчезнаа. Поединците повеќе не се идентификуваат со класата на која им припаѓаат. Класните разлики ја изгубија својата традиционална поддршка кај поединците, а се појави процес на индивидуализација и диверзификација на животни стилови. Припадноста на одредена општествена класа го изгуби своето значење. Кога поединците имаат можност да ги обезбедат своите приходи и стандард на живот, тие стануваат повеќе индивидуалистички настроени, определувајќи го независно својот идентитет и однесување. Според Бек, индивидуализацијата во таа смисла значи, поединците самостојно да имаат контрола над своето време, животен простор, пари и тело. Во такви околности припадноста на општествена класа повеќе не е општествена потреба, ниту барање. Индивидуализацијата ги елиминира класните разлики како карактеристика на социјалниот идентитет.

Индивидуализацијата значи дека индивидуите посветуваат повеќе внимание на тоа да бараат персонални решенија за градење на своите биографии, за соочување со структурните контрадикторности, а помалку се посветени на споделување на своите искуства, на колективно дејствување и барање колективни решенија за индивидуалните проблеми. Причината тоа да биде така е што институционалните контрадикции со кои се судира една индивидуа се разликуваат од оние со кои се соочува друга, иако тие делат иста социјална локација, како на пример класна позиција. Имено, индивидуализацијата се случува токму поради тоа што постојат големи внатрешни разлики во социјалните категории како класите (Woodman, Threadgold, Possamai – Inesedy 2015:1122).

Индивидуализацијата со себе носи ризик, поединците самите да преземат одговорност за креирањето на сопствениот животен проект, без разлика дали тој ќе биде успешен или не. Во минатото, тоа беше одговорност на социјалната класа и на националната држава. Тоа значи дека сѐ помалку постојат стандардизирани биографии, слични за сите кои пропаѓаат на одредена општествена класа. Напротив, живееме во време кога од поединците се очекува да преземат одговорност за креирање на сопствената биографија т.е. во време на рефлективни – самопродуцирани биографии. Поединците немаат секогаш добри опции помеѓу кои бираат, па дури и да имаат не значи дека ќе го направат вистинскиот избор. Еден погрешен избор во една сфера на животот на поединците може да има рефлексија на останатите. Пример, погрешен избор на професијата може да има сериозни последици по компетентноста, самореализацијата итн. (Svarplys, Morkevicius 2013: 28; Beck, Beck-Gernsheim Elisabeth 2002: 3).

Интересно е прашањето, дали индивидуализацијата е прашање на егоизам или на хедонизам. Според Улрих Бек, тоа е прашање на општествениот контекст кој им е наметнат на поединците во западните општества. Анализирајќи го делото на Бек, Вудман, Треадголдл, Посамаи - Инеседи (2015: 1122) констатираат дека индивидуализацијата е процес на институционален трансфер на надлежности и одговорности на индивидуите. Според Бек дури и државата на благосостојба е агент на индивидуализацијата. Таа е направена повеќе за индивидуите, отколку за семејството. Таа повеќе работи против, отколку во прилог на кохезијата на семејството. Имено државата на благосостојба, особено Бизмарковиот тип на држава на благосостојба претпоставува вработеност, а тоа со себе повлекува компетитивност и образование. И во двата случаи (образование и вработеност/кариера), државата на благосостојба од поединците бара подготвеност за мобилност во секој момент. Пазарот на работна сила пак,

ги ослободува индивидуите од нивната зависност од стабилна поврзаност со семејството, соседството, работното место кое може да се менува, регионот кај што се живее кој исто така може да се менува заедно со работното место. Но, индивидуализацијата не е избор на поединците. Во современото општество поединците се осудени на индивидуализација. Индивидуализацијата на поединците не им е дозволена, туку наметната. Од поединците се бара индивидуализација. Од индивидуите во современото општество се бара да планираат долгорочно, да се прилагодуваат на промени, да се организираат, да импровизираат, да поставуваат цели, да препознаваат тешкотии, да прифаќаат порази итн. Индивидуите треба да покажуваат иницијативност, флексибилност, толеранција на фрустрации итн. (Beck, Beck-Gernsheim 2002: 3).

## 6. Политика на животни стилови (Anthony Giddens)

Целокупната кариера на Гиденс, може да се подели во три фази. Во првата тој направи критички осврт на социолошката теорија. Во втората фаза, Гиденс ја истражуваше можноста, индивидуите да работат на креирањето на сопствениот идентитет. Третата фаза од кариерата на Гиденс е експлицитно политичка. Тој во „Третиот пат“ се обиде концепциски да го редефинира социјалдемократскиот политички проект (Armstrong 2007:2).

Под влијание на Ентони Гиденс и неговата „Модерноста и самоидентитетот“ (1991), во социологијата постои тренд на животниот стил да се гледа како на рефлективен продукт, кој не мора нужно да биде поврзан само со социјалниот статус. Ваквото разбирање, животниот стил сѐ уште го поврзува со социјалната легитимност, но сѐ повеќе се фокусира на начинот како би сакале да живееме во современиот глобален свет (Stevenson 339). Според Гиденс, животниот стил не е луксуз кој може да си го дозволат само побогатите општествени класи, туку секој ги прави своите животни избори, односно го бира својот животен стил, иако различни групи имаат различни можности за избор. Притоа оние кои припаѓаат на повисоките класи имаат поголеми можности за избор. Животниот стил не е само фенси работа или одреден тип на потрошувачка, туку е поврзан со однесувањето, ставовите и верувањата на поединците.

Може да се каже дека животните стилови се однапред подготвени шаблони за наративот на себството. Животниот стил може да биде поврзан со метрополитенски или рурален начин на живот. Животниот стил може да биде граден околу успехот на работа, или забавата, спортот итн. Изборите околу тоа

што јадат, што облекуваат, со кого се дружат ги позиционираат поединците како одреден тип на личности и ги разграничуваат од останатите. Животните избори му даваат облик на персоналниот идентитет и ги поврзуваат поединците со оние кои се слични на нив и кои направиле слични животни избори. Однесувањето поврзано со одреден животен избор е надворешна манифестација на наративот на самоидентификацијата. Според Гиденс (1991:81), колку што е општеството повеќе посттрадиционално, толку повеќе животниот стил ја зафаќа суштината на самоидентификацијата.

Животните стилови се контејнери на идентитети. Однесувањата на поединците кои се идентификуваат со одреден животен стил, а излегуваат надвор од очекуваното однесување за истиот, се ставаат во групата на однесување кое е надвор од карактер (Giddens 1991: 82). Поединците може да имаат повеќе од еден животен стил, односно пред различни публики може да имаат различни животни стилови. Тоа Гиденс го нарекува „сектори на животен стил“. Така на пример поединците може да имаат различни животни стилови на работа, дома, во врските во кои влегуваат итн.

Гиденс во средината на 1990-тите години пишуваше за воведување политики на животниот стил, кои треба да бидат во центарот на политичкиот живот. Тие треба да се базираат на запоставувани прашања како телото, емоциите, интимноста, идентитетот и самореализацијата. Генерално, политиката на животни стилови се однесува на политизација на секојдневниот живот. Таа вклучува етички, морално и политички инспирирани одлуки поврзани со потрошувачката, транспортот, начинот на живот (De Moor 2014: 4).

Според Гиденс, најзначајните политички прашања не се толку поврзани со (еднаквите) животни шанси на поединците, туку со животните стилови. Политиката на животни шанси и политиката на животни стилови почиваат на еднаквоста и заедно го прават „новиот егалитаризам“ за кој Гиденс се залагаше. Новиот егалитаризам за кој Гиденс пишува е изедначување на шансите помеѓу генерациите и се разликува од „стариот егалитаризам“ кој беше преокупиран со отстранување на класните разлики и постигнување еднаквост во статусот на поединците. Гиденс е свесен дека крајниот резултат на новиот егалитаризам може да биде раст на нееднаквостите. Тој пишува дека не треба да се отфрла можноста некои луѓе да станат екстремно богати, доколку тоа се заснова на вонредни таленти кои тие ги поседуваат. Новиот егалитаризам се потпира на надградба на човечкиот капитал преку образование. Тоа што на поединците им е потребно според Гиденс е безбедност, самопочитување и самоактуализација, а не единствено дистрибутивна еднаквост (Armstrong 2007:2).

Политиката на животни стилови почива на претпоставката дека глобалните прашања и животните стилови се меѓусебно поврзани. Така на пример, енвајарменистичката политика на животни стилови се заснова на премисата дека деградацијата на животната средина зависи од прифаќањето на нови животни стилови штетни за истата. Оттука, животната средина е најмногу загадена во деловите од светот каде што се најмногу прифатени модерните животни стилови (Giddens 1991: 221). Политиката на животни стилови на сличен начин ги третира и прашањата на добробитта на животните, етичкиот начин на производство итн.

Де Мур (2014: 4) укажува дека политичкото дејствување засновано на политика на животни стилови расте во многу земји. Растот на политиката на животни стилови се случува во услови на намалување на значењето, улогата, па и суверенитетот на националните држави на сметка на супранационални организации, мултинационални корпорации итн. Се чини дека овие нови форми на моќ, се помалку подложни на влијание на граѓаните. Оттука, политиката на животни стилови, но и трансформацијата на социјалните движења се обидуваат да го пополнат тој празен простор.

Улогата на медиумите во определувањето и пропагирањето на животните стилови е очигледна. Така на пример околу тоа што точно значи да се има животен стил на учител, оние кои се занимаваат со таа професија учат во формалното образование, во интеракциите со поединци, но и од тоа што имаат можност да го прочитаат или видат во медиумите. Улогата на медиумите во определувањето и промовирањето на одредени животни стилови е особено значајна во посттрадиционалното општество. Обемот на животни стилови во медиумите е ограничен, но значително поголем од тоа што еден просечен поединец може да го види во својот секојдневен живот. Оттука може да се каже дека медиумите во современото општество ги слават разликите во животните стилови.

## 7. Заклучок

Анализата на општествената стратификација во социолошката литература, укажува на постепено поместување на тежиштето на анализата од макро и мезо-социолошките теми како класата и статусот кон микросоциолошките теми како животниот стил. Така додека кај Веблен и Вебер, акцентот е ставен на класната поделба на општеството, а статусот се анализира како категорија која има влијание на комплексноста на стратификацијата на

општеството, веќе кај Бурдие се забележува балансирање меѓу различни типови на капитал кои ги продуцираат навиките и животниот стил на поединците. Појавата на културниот капитал прави голема разлика од класичната анализа на животниот стил. Имено тој повеќе не е поврзан само со материјалните, туку и со нематеријалните услови на живот на поединците, но и со нивните вкусови. Тоа значи дека во оформувањето на животните стилови на поединците, тие имаат одреден степен на автономија во нивното градење која кореспондира со преференциите на поединците.

| Разбирање на животниот стил | Макросоциолошки концепт за животниот стил | Концепт од среден обем | Микросоциолошки концепт за животен стил |
| --- | --- | --- | --- |
| Веблен | Општествена класа | Социјален статус | / |
| Вебер | Општествена класа | Социјален статус | / |
| Бурдие | Општествена класа | Поседување материјален и културен капитал | Хабитус |
| Бек | / | / | Индивидуализација |
| Гиденс | / | / | Политика на животни стилови |

Веблен смета дека во општеството постојат две основни класи, со што тој е многу поблиску до Маркс, отколку до Вебер. Исто како и Маркс, Веблен смета дека двете основни класи се експлоататорите и експлоатираните, односно како што Веблен ги нарекува слободната класа и работниците. Но, овде Веблен воведува една оригинална и контроверзна идеја. Имено, статусот на експлоататори на одредена општествена група понатаму се огледа и легитимира во општествената поделба на трудот, а не обратно како што сметаат повеќето од водечките социолози. Според тоа статусот е клучен за да се разберат како класите, така и животниот стил. Статусите според Макс Вебер се потесни групи кои постојат во рамките на класите, но понекогаш може да се случи тие да се протегаат на различни класи. Такви статуси може да бидат етничката или религиозната припадност.

Класите и статусите имаат различно влијание врз животните стилови. Имено, класите ги создаваат материјалните претпоставки за креирањето и диверзификацијата на животните стилови. Кога социјалните разлики внатре во одредена класа стануваат премногу големи, тие се одразуваат во одделни животни стилови. Или како што пишува Вебер, класите се засновани на односот кон средствата за производство, додека животните стилови се засновани на обрасците на поведение, а пред сѐ на потрошувачко поведение. Статусите како одредено ниво на престиж кој го уживаат одделни групи во општеството повеќе наликуваат на заедници, за разлика од класите кои се повеќе статистички категории. Оттука, тие создаваат норми на поведение за своите членови и на тој начин влијаат на создавањето на обрасци на поведение кај одделните животни стилови. Додека една класа може да создаде повеќе животни стилови, односно да создаде поволни материјални услови во кои разликите во вкусовите на поединците се огледаат во создавањето на одделни животни стилови, статусите не се така хетерогени и не продуцираат мноштво на животни стилови.

Животните стилови т.е. обрасците на потрошувачка зависат од степенот на слобода на поединците кој се постигнува во моментот кога тие ќе го задоволат егзистенцијалниот минимум во еден догледен период. Во моментот кога се ослободени од грижата за обезбедување на егзистенцијалниот минимум, животниот стил повеќе не е работа само на наметнување, туку и на избор на поединците. Затоа Веблен зборува за слободна и работничка класа. Работничката класа живее така како што мора, додека слободната класа има привилегија да го бира начинот на кој што ќе живее т.е. својот животен стил. Со економско-општествениот развој, стандардот на живот на населението порасна и сѐ поголем број од општата популација успева да ги задоволи своите егзистенцијални потреби и со тоа да се стекне со можноста слободно да го избира својот животен стил. Се разбира дека тоа не значи дека нееднаквостите во општеството се исчезнати, дури напротив, тие се исти, па може и поголеми од порано, но во определувањето на животните стилови сега се воведува нов критериум, а тоа е културниот капитал и вкусовите на поединците (Бурдие). Во анализата на современите социолози како Бурдие, Бек и Гиденс, при пишувањето за животните стилови повеќе се инсистира на индивидуалните, субјективни вкусови, отколку на социјалната структура и со неа поврзаните статуси.

| | Општествена класа | Статус | Животен стил |
|---|---|---|---|
| Веблен | Постојат само две општествени класи. | Социјалниот статус е основа како на општествените класи, така и на животните стилови. | Животниот стил е одраз на социјалниот статус. Тие кои имаат понизок општествен статус, го имитираат животниот стил на оние со повисок статус. Оние пак, со повисок статус, во обидот да се дистанцираат од поединците со понизок статус консумираат добра и услуги кои на оние со понизок статус им се недостапни. |
| Вебер | Постојат повеќе општествени класи. | Статусните групи се групи на поединци со сличен престиж во општеството. Вообичаено класите се групираат во повеќе статусни групи. | Основа на животниот стил е образецот на потрошувачка. |
| Бурдие | Постојат повеќе општествени класи. Во нивното определување, покрај материјалниот го воведува и културниот капитал. | Статусот го губи своето значење, но класата е сè уште релевантна за анализа на животните стилови. | Нееднаква дистрибуција на симболични ресурси. Животните стилови главно се одраз на социјалните практики кои се поврзани со вкусовите на поединците. |
| Бек | Пишува за пад на општествената класа, на сметка на подемот на животните стилови. Класите веќе никому не му се нужни. Тие се товар за поединците. | / | Индивидуализацијата значи поединците самостојно да имаат контрола над своето време, животен простор, пари итн. Индивидуализацијата ги елиминира класните разлики како карактеристика на социјалниот идентитет. |
| Гиденс | Целосно е маргинализирано прашањето на општествените класи. | / | Животните стилови се плод на животните избори на поединците. Животните стилови се одраз на самоидентификацијата на поединците. Политика на животни стилови. |

**Литература**

Ambrasat Jens, Von Scheve Christian, Schauenburg Gesche, Conrad Marcus and Schroder Tobias (2016) *Unpacking the Habitus: Meaning Making AcrossLifestiles*; Sociological Forum, DOI: 10.1111

Armstrong Chris (2007) *Life-styles, Life-changes and Radical Politics: Giddens on the New Egalitarianism*; Imprints: Egalitarian Theory and Practice; Vol.9, No 3

Beck Ulrich, Beck-Gernsheim Elisabeth (2002) *Individualization: Institutionalized Individualism and Its Social and Political Consequences*; London: Sage Publications

Chan Wing Tak, Goldtgorpe H. John (2007) *Class and Status: The Conceptual Distinction and Its Empirical Relevance*; American Sociological Review, Vol. 72, August

Crompton R. (1998) *Class and Stratification: an Introduction to Current Debates*, 2nd edition, Polity Press

Croosley Nick (2008) “Social Class” in *Pierre Bourdieu*: Key Concepts, Granfell Michael (edtor). Durham: Acumen

De Moor Joost (2014) *Lifestyle Politics and the Concept of Political Participation*; Paper Presented at PARTIREP Workshop “Conceptualizing Political Participation”, Mannheim, 25-26 September, 2014

Gaiddens Anthony (1991) *Modernity and Self-Identity: Self and Society in Late Modern Age*; Stanford: Stanford University Press

Fine Alan Gary (1994) *The Social Construction of Style: ThorsteinVeblens The theory of Leisure Class as Contested Test*; The Sociological Quarterly, Vol.35, No.3

Gerth Hans and Mills C. Wright (1958) *From Max Weber: Essays in Sociology*; New York: Oxford University Press

Granfell Michael, edt.(2008) *Pierre Bourdieu: Key Concepts*; Durham: Acumen

Hannkin Janet (2000) “Lifestyles and Health” *In Encyclopedia of Sociology*, 2nd Edition, Volume 3, Borgatta F. Edgar and Montgomery J.V. Rhonda, editors; Macmillan: New York

Jensen Michael (2007) Defining Lifestyle; *Environmental Sciences* Vol.4, No.2, DOI 10.1018/15693430701472747

Kotlet Philit (2000) *Marketing Management*, New Jersey: Prentice Hall

Maton Karl (2008) “Habitus” in *Pierre Bourdieu*: *Key Concepts*, Granfell Michael (edtor). Durham: Acumen Mechanic David (1978) Medical Sociology, New York: Free Press

Sorel E. Michael (1981) *Lifestyle and Social Structure: Concepts, Definitions and Analyses*; New York: Academic Press

Stevenson Nick (2006) “Lifestyle” In *The Cambridge Dictionary of Sociology*, Tucker S. Brian (editor), New York: Cambridge University Press

Svarplys Andrius, Morkevicius Vaidas (2013) *Political Sociology*; Kaunas: Vytautas Magnus University

Veal A.J. (2001) *Leisure, Culture and Lifestyle; Society and Leisure*, Vol. 24, No 2

Veblen Thorstein (1954) *The Theory of Leisure Class: An Economic Study of Institutions; Introduction by Robert Lekachman*; New York: Penguin Books

Weber Max (1966) Class, Status and Party in “*Class, Status and Power*”, Bendix R. and Lipset S.M. (editors), New York: The Free Press

Woodman Dan, Threadgold Steven, Possamai – InesedyAlphia (2015) *Prophet of New Modernity: Ulrich Becks Legacy for Sociology*; Journal of Sociology, Vol. 51, No.4